# I тема: Класични јазици

## I.6 Поговорки, фрази и цитати

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Што е поговорка?

- Поговорка е вид израз кој има структура на реченица, пренесува некакво соопштение или општоважечка порака.
- На поговорката не го знаеме авторот, затоа што е заборавен со тек на времето. Оттаму, се вели дека поговорката е народна, односно произлегува од народот, заедницата.
- Хелените и Римјаните создале непресушна ризница од поговорки кои носат мудрост и поука. Латинските поговорки задолжително се пишуваат и изговараат на изворен латински јазик.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Латински поговорки

| Латинска поговорка | Превод на македонски јазик |
|---|---|
| NON SCHOLAE, SED VITAE DISCIMUS | Не учиме за училиштето, туку за животот |
| FABER QUISQUE SUAE FORTUNAE | Секој е ковач на својата судбина |
| VERBA VOLANT, SCRIPTA MANENT | Зборовите летаат, напишаното останува |
| AMICUS PLATO SED MAGIS AMICA VERITAS | Платон ми е пријател, но поголема пријателка ми е вистината |
| OMNIA VINCIT AMOR | Љубовта сѐ победува |
| REPETITIO EST MATER STUDIORUM | Повторувањето е мајка на знаењето |
| NOMINA SUNT ODIOSA | Имињата се омразени |
| CAECUS NON IUDICAT DE COLORE | Слепиот не суди според бојата |
| CRAS, CRAS ET SEMPER CRAS ET SIC DILABITUR AETAS | Утре, утре и секогаш утре и така поминува животот |



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Што е цитат?

- Цитат (навод) е текст од една или повеќе реченици на којшто авторот ни е познат.
- Кога пишуваме цитат, задолжително го пишуваме во наводници, затоа што го наведуваме, односно цитираме текстот кој не е наша мисла.
- Кога пишуваме цитат, пожелно е да го наведеме авторот на мислата.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Латински цитати

| Латински цитат и авторот во загради | Превод на македонски јазик |
|---|---|
| VENI, VIDI, VICI (Гај Јулиј Кајсар) | Дојдов, видов, победив. |
| OMNIA MUTANTUR, NIHIL INTERIT (Публиј Овидиј Насон) | Сè се менува, ништо не исчезнува. |
| ARS LONGA, VITA BREVIS (Хипократ) | Уметноста е долга, но животот е краток. |
| HOMO HOMINI LUPUS EST (Тит Макиј Плаут) | Човек на човека е волк. |
| DICERE QUAE PUDUIT, SCRIBERE IUSSIT AMOR (Публиј Овидиј Насон) | Се посрами да го каже она што љубовта му заповеда да го напише. |
| SUTOR, NE ULTRA CREPIDAM (Плиниј Постариот) | Чевлару, не подалеку од обувката! |



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# Што е фраза?

- Фраза е вид израз кој е составен од најмалку два збора, но може да има и повеќе.
- Фразата не е реченица, туку е дел од некоја реченица.
- Во светските јазици се употребуваат голем број на фрази од латинскиот јазик кои задолжително се пишуваат на изворниот јазик, односно во оригинал со латинско писмо.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Латински фрази

| Латинска фраза | Превод на македонски јазик и значење |
|---|---|
| LAPSUS LINGUAE / LAPSUS CALAMI | Грешка во зборување / Грешка во пишување |
| TABULA RASA | Празна табличка (нема искуство, знаење, неук е) |
| POST FESTUM | По свеченоста (со задоцнување, откако сѐ поминало) |
| DE FACTO | Всушност, за волја на вистината |
| PERSONA NON GRATA | Непожелна личност |
| MODUS VIVENDI | Начин на живот |
| BONA FIDE | Со добра вера (направено без лаги и измами) |
| ALTER EGO | Друго јас (за некој истомисленик, личен заменик) |
| EXEMPLI GRATIA (e.g.) | На пример |



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# ДОМАШНА ЗАДАЧА:
## Римска ризница на мудрости

- Истражи на интернет латински поговорки.
- Напиши најмалку 5, а можеш и повеќе.
- Поговорките задолжително треба да ги напишеш на изворен латински јазик (оригинал со латинско писмо) и со македонски превод.
- Домашната задача напиши ја во празното поле на Националната платформа за учење на далечина или прикачи текстуална датотека во Мајкрософт Ворд со некоја слика од римската култура.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND